VDL BUS GROUP

АПЛИЦИРАЈ ДЕНЕС И СТАНИ ДЕЛ ОД НАШИОТ ТИМ!

Испратете го Вашето CV (работна биографија) на: **https://www.vdlvanhool.com/mk/karieri**
или
контактирајте нѐ директно на: **070 333 299** (повик / порака).

ВДЛ БУС МАКЕДОНИЈА е дел од холандската Групација ВДЛ. Компанијата дојде во земјава во **2012 година** кога ја изгради и фабриката во Технолошко индустриската развојна зона Скопје2 во Бунарџик, со што ја врати традицијата на автобуската индустрија во земјата.

Денес повеќе од **1100 вработени** работат во фабриката со површина од **78.000 м2**, произведувајќи автобуси за пребирливите, со почитување на строгите стандарди и критериуми на европските и северноамериканските пазари. Од самиот почеток постојано вложуваме напори дел од своите вградени компоненти да ги обезбедиме од локални извори. Денес ВДЛ БУС Македонија е сериозен партнер на повеќе од 20 домашни фирми, а во повеќето од нив самата компанија има вложено во нивното знаење со цел да им помогне да станат добавувачи на врвна светски позната компанија.

За растечките потреби на нашиот производен капацитет, лоциран во Технолошко Индустриската Развојна Зона – Скопје2, во Бунарџик / Илинден отвораме ново работно место за следнава позиција:

РАБОТНА ПОЗИЦИЈА: СТРУГАЧ

РАБОТНИ ЗАДАЧИ:

- Брусење, стругање и отстранување на неправилности од површините;
- Подготовка на површините за понатамошна монтажа и обработка;
- Отстранување на остатоци од лепило, материјали и други нечистотии;
- Обработка и прилагодување на површините и деловите согласно техничките барања;
- Подготовка на компонентите за финална монтажа.

ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ:

- Способност за прецизна работа со детали;
- Способност за работа под притисок и кратки рокови;

ШТО НУДИМЕ:

- Компетитивни месечни примања на пазарот на труд во РСМ плус минат труд;
- Меѓународно опкружување со многу можности за учење, развој и раст;
- Можности за обука во странство;

- Можност за стекнување на меѓународно препознаени сертификати за стекнати професионални вештини;
- Работна околина според највисоки европски норми за безбедност и здравје при работа;
- Одлично лидерство, позитивна и охрабрувачка работна средина и организациска култура;
- Раст на платата минимум еднаш годишно според успехот;
- Регрес (23.100 денари);
- 24/7 дополнително осигурување од незгода;
- Бесплатен топол оброк со избор на повеќе менија во кантина со ресторански стандард;
- Обезбеден превоз до/од работното место;
- “Купи со попуст” - одобрени попусти за вработени во одредени продажни места;
- Бонус за препорачан пријател на работа;
- Тим билдинг активности.

Ќе бидат исконтактирани само кандидатите кои ќе продолжат во следната фаза на селекцијата.

Со Вашето доставување на CV се согласувате истото да биде задржано во нашата база на кандидати во времетраење од 12 месеци.